**20130861984**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО

Врз основа на член 219 став 6 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 43/12 и 145/12), министерот за здравство донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ, ВИСИНАТА И НАЧИНОТ НА ИСПЛАТА НА ПАРИЧНАТА НАГРАДА НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ РАБОТНИЦИ И ЗДРАВСТВЕНИТЕ СОРАБОТНИЦИ ВРАБОТЕНИ ВО ЈАВНИТЕ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ

Член 1

Во Правилникот за поблиските критериуми, висината и начинот на исплата на паричната награда на здравствените работници и здравствените соработници вработени во јавните здравствени установи („Службен весник на Република Македонија", бр. 102/12) во членот 2 став 2 зборовите „износ од 30.000,00 денари месечно" се заменуваат со зборовите „висината на нето платата во која се вклучени сите додатоци на плата на здравствениот работник односно здравствениот соработник".

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 07-4456/2
11 јуни 2013 година
Скопје

Министер за здравство,
**Никола Тодоров,** с.р.